Министерство за Економија

Организација на потрошувачите на Македонија

# ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕМЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТА НА ПРОИЗВОДИТЕ



## *Која е одговорноста на производителите?*

- Должни се на пазарот да пуштаат само безбедни производи;
- Да обезбедат доволно информации за безбедноста на производот, со цел потрошувачите да можат да:
- - ги оценат опасностите од производот во текот на вообичаениот или разумно предвидлив период на употреба;
- - преземат мерки на претпазливост за опасностите од производот дури и таму каде што таквите опасности не се очигледни.



## *Кои критериуми треба да ги исполни производот за да се третира како безбеден?*

- Да не претставува каква било опасност за безбедноста и здравјето на луѓето, во нормални и разумно предвидливи услови на употреба, за време на неговиот рок на траење;
- Ризиците и видовите на ризик треба да се опфатени со соодветни национални стандарди и истите да бидат усогласени со соодветните европски стандарди, а производот да е усогласен со барањата за општа безбедност утврдени во овие стандарди.



## *Што треба да знаеме за изјавата за сообразност, односно CE ознаката?*

- Тоа е единствена ознака со која се потврдува сообразноста на производот со барањата утврдени во законите и прописите со кои се уредува постапката за нејзино ставање на производот.

### *Изјава за сообразност CE треба содржи:*

- Податоци за производителот (име, адреса...)
- Идентификација на производот (тип, модел...)
- Примена на стандард или директива
- Број на тело за оцена на сообразност (ако е вклучено)
- Име и потпис на давателот на изјавата

### *Каква е примената на CE означувањето?*

Се става само од производителот или неговиот овластен застапник. Не се става на производ кој не предвидува вакво означување.

### *Што означува CE ознаката на играчките?*

Знакот CE не преставува знак на квалитет ниту како таков означува гаранција за безбедноста на играчките. Оваа ознака е воведена од страна на Европската унија и значи дека играчката е произведена според добро дефинирани стандарди за намалување на физичките, хемиските, електричните и здравствените ризици. Како и да е, CE ознаката само применува некои безбедносни аспекти во врска со нормалната употреба и ракување со играчката и не претставува индикатор за квалитет.



**ПОТРОШУВАЧИ!**

***Доколку според ваша процена сметате дека одреден производ претставува опасност или ризик по безбедноста и здравјето и/или истиот не е соодветно означен, можете тоа да го пријавите до Државниот пазарен инспекторат, каде функционира Одделението за безбедност на производите, на телефонскиот број (02) 32 20 547 или преку веб-страницата www.dpi.gov.mk.***

***Исто така можете да ја известите и ОПМ на телефонскиот број (02) 31 79 592 или преку веб-страницата www.opm.org.mk.***